РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-510/1
28-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 27 -та седница одржана на 23.01.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1827/1 од 27.06.2025 година, оформен по доставена пријава поднесена од познат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, утврди дека наводите во предметната пријава се неконкретни и нејасни, а од страна на подносителот на пријавата не беше доставено појаснување на наводите во пријавата.

Предметот со бр. 12-1827/1 од 27.06.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 27.06.2025 година, поднесена е пријава по пат на електронска пошта и оформен е предмет бр. 12-1827/1 од 27.06.2025 година.
Во пријавата, подносителот наведува дека бара лични документи.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на дополнителни податоци информации до емаил адресата од која е поднесена пријавата, со барање да се конкретизираат наводите од пријавата, односно да се

достават информации за кои документи станувало збор, кои институции и службени лица го попречувале подносителот во остварување на своите права и сл.

ДКСК констатира дека во законски утврдениот рок, не се добиени бараните информации, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата